ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГСВ-Е-751-001.2/Изм.1

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Генералниот секретаријат и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија се институции специјализирани за обезбедување логистичко - стручна поддршка на Владата во целина, на претседателот на Владата, замениците на претседателот на Владата, министрите (членовите на Владата) со препознатливи принципи во работењето: професионалност, квалитет, независност и коректност.

**Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за менаџмент со животната средина воспоставен според барањата на стандардот**

**ISO 14001:2015**

**да развиваме институција способна да испорачува услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и заинтересираните страни и да ги исполнува применливите законски и други барања во врска со животната средина.**

**Вработените во Генералниот секретаријат и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, работат на остварување на следните цели:**

- Идентификување на аспектите на животната средина до кои се доаѓа или може да се дојде и ставање под контрола на значајните аспекти за животната средина;
- Извршување на активностите во согласност со применливите законски и други барања за животна средина и посветеност за исполнување на обврската за усогласеност;
- Образование и поттикнување на вработените да делуваат превентивно и постојано да ја подобруваат заштитата на животната средина;
- Штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количината на отпад;
- Разгледување на мислењата и сугестиите на заинтересираните страни и преземање соодветни мерки за унапредување на заштитата на животната средина;
- Информирање на корисниците и заинтересираните страни за сопствената определба за заштита на животната средина.

Скопје, 20.1.2017

Генерален секретар

Кирил Божиновски